Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и Службен весник на РСМ бр.96/19, 110/19 и 154/19) член 23 став 4 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр.62/03, 106/08, 161/08, 114/09. 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15,129/15, 27/16, 120/18 и Службен весник на РСМ бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), во врска со член 22 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.24 /12, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ бр.143/19 и 14/20) ) директорот на Бирото за јавни набавки донесе

# О Д Л У К А
## за избор на извршител на определено време по Јавен оглас бр.01/2023

1. За извршител на работното место УПР 0101В03000-Соработник за нормативно-правни прашања во врска со електронските постапки, Одделение за анализа на системот за јавни набавки, Сектор за следење на системот за јавни набавки, управување со ЕСЈН и развој на електронски алатки, се избира кандидатот **Билјана Младеновска.**
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од претходната точка по завршувањето на постапката за вработување и потпишување на Договор за вработување на определено време..
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Бирото за јавни набавки на ден 11.01.2023 година објави Јавен оглас бр.01/2023 за вработување на 1 (едно) лице на определено време на работно место УПР 0101В03000-. Соработник за нормативно-правни прашања во врска со електронските постапки, Одделение за анализа на системот за јавни набавки, Сектор за следење на системот за јавни набавки, управување со ЕСЈН и развој на електронски алатки.

Со Решение бр.04-39/3 од 13.01.2023 година, формирана е Комисија за селекција за вработување на еден извршител на определено време која ја спроведе постапката по објавениот јавен оглас. По спроведената постапка, Комисијата врз основа на приложената документација и Записниците од административната селекција и интервју , до директорот даде предлог за избор на кандидат за вработување.

Директорот по разгледувањето на предлог за избор на кандидат, врз основа на законските прописи и документацијата, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Бр.____________
од____________
Скопје

Директор
Борче Хаџиев

[1] 04-39/7 [2023]